# ПРЕКУ ИГРА ДО ЕДУКАЦИЈА



Во соработка со Народна банка на Република Македонија



По повод Меѓународната недела за финансиска едукација на деца и млади, која траеше од 15 до 21 март под водство на Меѓународната организација за едукација на деца и млади со седиште во Амстердам, Холандија, беа преземени бројни активности од страна на 185 организации за финансиска едукација. Еден милион деца и млади од најмалку 80 држави во светот имаа можност да научат многу нешта од областа на финансиското работење.

ОУ„Којдан Чернодрински“, V - 6 одд.



## ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Во рамките на оваа недела се одвиваше и проектот „Финансиска едукација“. Претставници од Народната банка на Република Македонија одржаа интерактивна настава наменета за учениците од трето до петто одделение во 13 основни училишта. Под мотото „Преку игра до едукација“ учениците се запознаа со теми од областа на парите, целите и задачите на Народната банка, банките, штедењето...



Насекаде бевме придружени со заштитниот лик на Народната банка - монетата од еден денар со име Денарко, му се радувавме и се сликавме со него.